Не се случило само она што не било во весниците

# ШТИПСКИ Глас

Штипски месечник

Број 147

Декември 2024 г.

цена 20 денари,

**Бети ПЕЈЕВА, претседателка на ЕХО - Едукативна хуманитарна организација**



## 22 години борба за живот без насилство, гласот на жртвите мора да се слушне

Quehenberger logistics

AKTIVA

ШЕФЕ БЕРБЕРНИЦА

ДЕУС ОПТИК
СИТЕ ВИДОВИ НА ДИОПТРИСКИ И СОНЧЕВИ НАОЧАРИ И БЕСПЛАТНО КОМПЈУТЕРСКО ОПРЕДУВАЊЕ НА ДИОПТРИЈА

# 2025 ја стартуваме со историски најголем буџет од над 30 милиони евра



**Од вкупниот буџет 17 милиони евра го сочинуваат основниот буџет**

## ВЕЛИЧКОВСКА:
**Да сум горда и на мојата Македонија**

❑Славица Величковска е долгогодишна новинарка која, во моментов, работи како дописник на јавниот сервис (МРТВ) од Штип и регионот. Еве ги нејзините одговори на двете прашања: страна 9



*Со прим. д-р МЕРИ ШОРОВА, раководител на Центарот за трансфузиона медицина Штип*

# Во 2024 година имаме регистрирано рекордни 5.054 доброволни дарување крв



УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ШТИП

**Иван Бојаџиски**



# Штип е изграден на квалитетни идеи, една таква имаме и сега

Штип, како впрочем и секој друг град, стана убав и развиен урбан град и регионален центар благодарение на добрите идеи на оние кои низ децениските развој раководеле со него, но и на граѓаните кои преку отворени, организирани дебати ги таргетирале најголемите потреби за градот да биде ем убав, ем функционален каков што е денес. Впрочем, во едно неодамнешно интервју за Штипски Глас, актуелниот градоначалник Иван Јорданов убаво и јасно кажа дека проектите кои се реализирани последниве три години во градот и општината, а кои не се мали, се дело на партнерството која актуелната локална власт ја имало со граѓаните.

Што е сосема точно.

Убави и за натамошниот развој на градот идеи во многу области како урбанизацијата, инфраструктурата, културата, образованието, спортот доаѓаат и денес. Една таква идеја дојде деновиве од група професори во музичкото училиште „Сергеј Михајлов“. Професорите кои со децении даваа(т) придонес за најубавото музичко случување во градот, а тоа е годишниот концерт на нивното училиште, рекоа дека Штип заслужува да има биг бенд оркестар зашто го има сите неопходни ресурси за такво нешто. Притоа, тие мислат на фактот дека Штип има етаблирано и нашироко познато Музичко училиште кое произвело многу музичари кои и денес се дел од респектибилни европски музички сцени, а градот во состав на Универзитетот „Гоце Делчев“ ја има и музичката академија.

М-р Горан Кавраков,м-р Виолета Арсовска, м-р Елена Мирасчиева, Славица Десподова и Кристијан Алексовски, во обраќање преку медиумите рекоа дека Штип може и треба да добие музички состав од типот на биг бенд, зашто градот има основа, а и нешто повеќе од основа, да формира еден таков градски музички состав со кој музичката култура, или уметност-како што милувате, би била подигната на едно повисоко ниво од сегашното. За идејата да може да тргне по патот на реализацијата формирано е Здружение на музичари „Астибо биг бенд“.

Ако оваа идеја биде реализирана,(а за неа покрај кадар кој го има и простор за работа кој лесно може да се најде, потребни се и пари), градот наш ќе си врати дел од својата преубава музичка историја по која, пред половина век, беше посебно препознатлив.

Како новинар/хроничар кој шест децении го следи развојот на Штип и пишува за тоа, сакам да потсетам на тие убави времиња од пред половина век за помладите генерации да можат да сватат колку оваа идеја е добра и колку на истата треба да и се даде шанса за живот за во личната легитимација на градот да биде додадена нова вредност.

Имено, во втората половина на педесеттите години од минатито век, само пет-шест години по пуштањето во работа на Памучната индустрија „Македонка“ (1952 година) во фабриката чиј развој штотуку беше почнал, беше формирано Културно уметничко друштво „Македонка“. Идејата ја даде инспиративниот Михаил Нетков, кој, во тие години, работеше како раково- дител на општиот и кадровски сектор.Многу бргу друштвото беше формирно со две посебни единици во него: оркестар за народна и оркестар за забавна  музика. Во забавната музика КУД „Македонка“ ги имаше малиот, големиот и оркестарот за мексиканска-во тоа време многу популарна музика. Со забавниот оркестар раководеше и диригираше Киро Стоев, а со народниот – Илми Јашаров. И двете личности се големи но и заборавени од градот легенди кои заслужуваат во нивниот Штип да им бидат подигнати споменици на соодветно место.

Авторот на овој текст кој го живееше тоа време, а токму во „Македонка“ во 1961 година го започна својот пат во новинарството, и денес памети дека во забавниот оркестар кое го носеше името на фабриката од која започна изградбата на нашиот град свиреа Лазар Биков, Ванчо Самоников, Стојан Троицки, Гоце Димитровски, Петар Хаџиниколов, Методи Трпков, Симеон Савев и друг, а диригент беше Киро Стоев. Главни интерпретатори (пејачи) на забави мелодии беа Христо Крстевски и Марија Арсова.

КУД „Македонка“ го подигна нивото на музичкиот живот во градот за неколку степени. Забавниот оркестар свиреше на тогаш популарните игранки кои прво се одвиваа во големиот ученички ресторан во населбата „Македонка“ каде младите, со посебни фабрички автобуси беа носени од градот и на тие игранки ги изучуваа првите танцувачки вештини. Друштвото, за свои потреби, имаше на располагање цела зграда веднаш до сегашниот Трговски центар која веќе не постои, каде се одвиваа пробите. КУД „Македонка“ имаше бројни гостувања низ Македонија, низ тогашна Југославија, а во еден дел двата оркестри-народниот и забавниот, гостуваа и во странство и на тој начин ја пренесуваа убавата приказна за Штип.

На времето кое го живееше градот пред половина век потсетувам за да и дадам смисла на значењето на новата идеја за формирање на „Астибо биг бенд“ оркестар со што Штип ќе си врати дел од своите спомени, од убавите сеќавања на својата пребогата музичка историја, секако сега во едно сосема подруго време и во сосема нови услови. Основниот капитал за такво нешто, а тоа се човечките ресурси-квалитетни музичари градот ги има, идејата е тука, просторни капацитети исто така има, само во прашање ќе бидат финансиите.

Но, тоа, барем според мое мислење не би требало да биде некој поголем проблем за град-регионален центар кој има одличен буџет и стопанска структура која може да поддржи една таква идеја која ќе биде од корист и значење за сите и ќе значи наше-штипско враќање на големата музичка сцена која градот некогаш ја имаше.

**Бети ПЕЈЕВА, претседателка на ЕХО - Едукативна хуманитарна организација**

# 22 години борба за живот без насилство, гласот на жртвите мора да се слушне



Насилството врз жените и семејното насилство продолжуваат да бидат една од најгорливите теми во нашето општество. Како претседателка на организацијата ЕХО, која веќе 22 години неуморно се бори за заштита и унапредување на правата на жените и игра клучна улога во обезбедувањето на поддршка за жртвите на насилство Бети Пејева, претседателка на ЕХО вели дека е свесна за постигнатите резултати, но и за одговорноста која ја имаат кон секоја една жена и девојка која ќе собере храброст да ни се обрати за помош. Со примена на интегративен пристап до пакетот неопходни услуги за жени и девојки изложени на насилство и координирањето на мултисекторските тимови, ЕХО претставува симбол на надеж за илјадници жени и девојчиња кои се соочуваат со насилство, вели Пејева.

**Г-ѓа Бети, која е Вашата организација?**

Со матична канцеларија во Штип и подружници во Скопје, Струмица и Прилеп, организацијата обезбедува услуги кои варираат од бесплатна правна помош и застапување, до психо-социјална, психо-трапевтска поддршка и економско јакнење, ресоцијализација и реинтеграција на жртвите. Но она што го издвојува ЕХО од другите е нејзината работа со мултисекторски тимови на заедницата за ефикасна заштита на жени и девојчиња изложени на насилство, а кои се составени од претставници на: полицијата, центрите за социјална работа, здравството, обвинителството, судовите и општините. Овие тимови, кои моментално функционираат во Штип, Прилеп и Гевгелија, овозможуваат координирана и ефективна заштита за жртвите на насилство, што е реткост во земјава, но и во поширокиот регион.

Благодарение на ваквиот пристап, организацијата секоја година обезбедува помеѓу 1000 и 1500 правни, психо-социјални и разновидни советодавни услуги на жени и девојчиња изложени на насилство, додека во 2024 година преку нашите канцеларии беа процесирани рекордни 189 случаи на насилство врз жени на годишно ниво – алармантна бројка која го покажува размерот на проблемот.

**Што ви кажува вашата анализа за насилствата врз жената?**

Последиците од ковид-пандемијата, драстичното редуцирање на човековите права комбинирано со енормната економска криза, доведоа до драматично зголемување на насилството врз жените. Од 2019 година до денес, бројот на пријавени случаи е зголемен повеќе од двапати. Но покрај овој тренд, алармираме и за друга загрижувачка појава – растечкиот број жени кои се откажуваат од кривично гонење на сторителите. Главните причини за ова се стравот, несигурноста, економската зависност од насилниците, но и недовербата во институциите поради недоволната институционална поддршка која се должи на слабите капацитети, но и се поголема партизација на самите институции.

Дополнително, се забележува зголемување на насилството врз деца, особено во случаи на разводи, каде насилниците вршат притисок врз своите поранешни партнерки преку освета кон сопствените деца, а сé почести се и случаи на насилство врз стари и немоќни лица. Растечки трендови се забележуваат кај новите, сé уште тешко препознатливи, но и кај веќе од порано детектираните видови на насилство кои потешко се докажуваат, како демнењето, дигиталното насилство, но и економското насилство кое зема голем замав.

**Говоревте за клучните промени што ни се потребни, па кои се тие промени?**

И покрај долгогодишната работа на терен, морам да истакнам дека без соодветни законски реформи и институционални заложби ефективната заштита на жртвите останува ограничена. Во 2023 година, Кривичниот законик беше изменет и дополнет со криминализација на одредени дејствија против здравјето, интегритетот и животот на жените. Но, остана сериозен пропуст во член 130, став 2, кој се однесува на телесна повреда и загрозување на здравјето при вршење родово базирано насилство врз жени, односно семејно насилство.

ЕХО бара итна измена на став 2 од овој член, со која ќе се овозможи кривично гонење на сторителите по службена должност, наместо да зависи од волјата на жртвите. Оваа промена е од витално значење за да се спречат трагични последици, како фемицидите, кои често се резултат на откажувањето на жртвите од понатамошно процесирање на случаите.

Исто така мора да се нагласи инертноста на институциите која се огледува преку зголемен трендот на неказнивост на тешки криминални дела што исто така многукратно ги охрабрува насилниците во нивните намери.

**Кој е и кој би бил двигател на промените?**

Резултатите на ЕХО не се само сведоштво за нашата професионалност и посветеност, туку и иницијатор за системски промени. Жртвите на насилство не треба да се соочуваат сами со своите борби. За значајно да го намалиме ризикот од насилство врз жени и семејно насилство, неопходно е заедничко делување на сите засегнати страни – од институциите до граѓанските организации, медиумите и целокупната јавност. Секоја жена која успеала да излезе од кругот на насилството благодарение на поддршката на ЕХО е доказ дека промените се можни. Но, за да се стави крај на **епидемијата на насилство**, неопходна е координирана акција на целото општество. Заеднички можеме да создадеме свет каде правдата и безбедноста не се привилегија, туку основно право на секоја жена и девојка.

## Со прим. д-р МЕРИ ШОРОВА, раководител на Центарот за трансфузиона медицина Штип

# Во 2024 година имаме регистрирано рекордни 5.054 доброволни дарување крв

Штип го има еден од трите регионални центри за трансфузиона медицина во Македонија како дел од Институтот за трансфузиона медицина. Се работи за центар кој има големо значење во здравствениот систем на нашата држава.Со центарот раководи примариус д-р Мери Шорова со која правиме интервју кое вреди да се прочита за некои многу значајни нешта да ни станат појасни.



**✹ Д-р Шорова, кажете ни нешто за институцијата со која раководите.**

-Институтот за трансфузиона медицина е единствена здравствена установа која е посветена на обезбедување оптимални количини на безбедна крв и крвни компоненти за потребите на граѓаните на оваа држава, и истовремено ги поврзува здравите и болните луѓе.Од 2011 година по интеграција на службите во една установа, во склоп на Институтот за транс. медицина Скопје работат три регионални центри во Тетово, Битола и Штип. Центарот за трансфузиона медицина Штип брои вкупно 18 вработени, 2 доктори специјалисти, 2 доктори на специјализација, 1 мед.биохемичар и останатите се лаборанти, мед.сестри,2 возачи и 1 администратор. Со оглед на обемот на работата,очекуваме оваа година нови вработувања.

**✹-Работите на еден поширок регион, кои поголеми градови ги опфаќа регионот и колку жители покривате со Вашата активност**.

-Во ЦТМ Штип спаѓаат следните Служби за трансфузиона медицина-Струмица, Кочани, Гевгелија и Делчево, кои работат на промоција на доброволно дарување на крв,вршат прибирање на крв и дистрибуција на крв и крвни компоненти во нивните болници. Покрај тоа секаде има амбуланти за специјалистичко-консултативна дејност од доменот на трансфузиона медицина,што опфаќа преглед, дијагноза и третман на пациенти со тромботични и хеморагични состојби. Во ЦТМ Штип освен ова се врши и тестирање и обработка на целокупната крв од регионот.

**✹Дали на теренот на кој работите постои култ кај луѓето за дарување крв?**

-Денес можеме со гордост да зборуваме за тоа дека постои свест кај нашите граѓани за значењето на крводарувањето, што го докажуваат и бројките на редовни и првократни дарители во нашиот град. Во изминатата 2024 година имаме регистрирано рекордни 5.054 дарувања во Штип и околината, од тие 2.606 дарувања се во ЦТМ Штип, останатите се дарувања на крводарителски акции, што е за 251 повеќе од 2023 или за 914 од 2021 година. Факт дека работите на ова важно поле позитивно се движат. Сакам тука да потенцирам дека дарител на крв може да биде секое лице на возраст од 18 до 65 години, и е генерално во добра здравствена состојба. Една стандардна единица крв изнесува 450 мililитри и со неа може да спасите и до 3 или 4 животи затоа што од една единица полна крв се прават повеќе производи. За дарување на 450 мл. крв ќе ви бидат потребни од 5-10 минути, а вашето тело ќе го надополни количеството на дарувана крв во текот на 48 часа. После дарувањето на крв ќе се одморите и ќе добиете благодарен оброк, а во текот на денот ќе пиете повеќе течности. Целиот процес на дарување на крв не трае повеќе од еден час.

**✹Според вашата статистика кои се похумани луѓе, жените или мажите?**

Доминира машкиот пол во крводарувањето со високи 83 % иако во последните години и жените се почесто даруваат крв.

**✹Мислам дека е важно нашата јавноста да знае зашто крвта земена од доброволните дарители мора да се обработува.**

-Од единица полна крв се издвојуваат следните крвни компоненти: еритроцити,свежо смрзната плазма, тромбоцити и криопреципитат. Целата опрема со која се зема крв е стерилна. Иглите се за еднократна употреба и после употреба безбедно се отстрануваат.Секоја единица подлежи на тестирање за крвна група и скрининг на ирегуларни еритроцитни антитела како и одредување на маркери на трансфузиски трансмисивни инфекции и тоа хепатит Б,хепатит Ц, ХИВ и Сифилис.Денес тестирањето се изведува со современи,целосно автоматизирани апарати и реагенси што овозможува висок квалитет и сигурност на добиените резултати од дарителската крв.

**✹Која крвна група е најзастапена, а која е најретка?**

Најчеста крвна група во Македонија (41%), како и во Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина, Словенија и Хрватска е А+. Во Албанија и во Грција најчеста е 0+. Најмалку застапена (со помалку од 1 % ) е крвна група АБ негатив.

**✹Имате ли список на доброволни дарители од најретката крвна група и слобода слободно да ги повикате да даруваат крв кога таа е потребна итно да се спасува човечки живот?**

За среќа секогаш кога сме имале потреба да повикаме дарители со ретки крвни групи, веднаш и со задоволство доагаат и даруваат крв.Во земјава дарувањето крв е доброволно и се спроведува преку акции организирани од Црвениот крст со помош на наши стручни тимови од Институтот за трансфузиона медицина.

**✹За кои институции собирате, обработувате и чувате крв? За Клиничка болница Штип или...**

-Еритроцитниот концентрат се чува во посебни фрижидери на +4степени целзиусови со рок на траење од 35 до 42дена. Тромбоцитна маса се чува во посебни агитатори на собна температура со рок на траење до 5 дена. Плазмата се смрзнува на – 80 степени целзиусови а се чува на – 20 до – 30 степени целзиусови во посебни фрижидери и комори со рок на траење од 6 месеци до 3 години .

**✹Важно е да го слушнеме вашето мислење за тоа како да се изгради култ кон дарувањето крв? И, второ, дали за Штип може да се каже дека е град во кој постои навика да се дарува крв?**

-Штипјани се хумани луѓе, имаат желба да помогнат, и затоа имаме доста успешни крводарителски акции. Свесни сме дека крводарителството има нагласено општествено значење и без потребните количества на крв и крвни продукти не е можно да се обезбеди современа и квалитетна здравствена заштита Црвениот крст на град Штип е иницијатор и организатор на акциите за доброволно дарување на крв и се грижи за крводарителите, додека ЦТМ Штип ја зема, тестира, обработува и дистрибуира крвта и се грижи за сигурна трансфузија на крв и крвни продукти.Со Црвениот крст имаме одлична соработка, спроведуваме кратки предавања за крводарителството во средните училишта и на Универзитетот „Гоце Делчев“ и оваа година искрено се надеваме на поголем одзив на студентите, а имаме во план уште неколку приватни општествено одговорни компании да се приклучат кон ова хумано семејство.Оваа година за прв пат се одржа крводарителска акција во Општината по повод празникот Голема Богородица, крводарителска акција беше под наслов “Биди хуман како Тоше“, крводарителска акција на одбојкарски клуб Штип УГД,но и многу други кои се надевам ќе станат традиционални.Поради тоа и бројките во однос на крводарителството и статистиката за нашиот град се навистина задоволителни. Би сакала оваа хумана мисија да продолжи и понатаму и навистина вложуваме напори да ја подигнеме јавната свест кај населенето за тоа што значи крводарувањето, што значи да се дарува крв и да се зголеми одговорноста кај луѓето во однос на грижата за другите луѓе,

**✹Порано имаше бенефиции за доброволните дарители како денес е регулирано тоа прашање и шт Вам ви велат луѓето кога даруваат крв дали даруваат заради некои бенефиции или само поради хуманоста нивна?**

-Според законот за работни односи, член 150, работникот кој доброволно дава крв има право на отсуство од работа на два последователни работни дена за секое давање крв. Дарителите на крв кои даруваат крв повеќе од десет пати се ослободени од Партиципација во цената на :амбулантно-поликлиничка здравствена заштита,лабораториски анализи, ренгентски прегледи, ехографски снимања, преглед со скенер и магнетна резонанца, специјалистички лекарски преглед, болничко лекување и рехабилитација (заклучно со 30-тиот ден,).Освен ова предвидени се и признанија, благодарници и пригодни обележја за секој крводарител кој дарувал крв 5, 10, 25, 50 или повеќе пати а признанијата ги обезбедува Црвен Крст на Македонија.

**✹Да ли просторот во кој работите ви е доволен, и да ли и Вие, што би се рекло „со душа“ ја чекате новата Клиничка болница**?

-Просториите во кои работиме се многу лоши, просторот не ги задоволува нашите потреби, но сите се надеваме дека наскоро ќе се преселиме во новата Клиничка болница каде има предвидено простории и за нашиот центар.Би сакала да порачам дека ако досега не сте се одлучиле на доброволно дарување крв, можеби ви е потребна дополнителна мотивација. Многу луѓе имаат желба да даруваат крв, но сеуште размислуваат дали да го сторат тоа. Всушност, дарувањето крв е одлично за ва-

**Дури 83 проценти од доброволните дарители на крв се од машкиот пол, но во последните години се поголем станува и бројот на жени кои се приклучуваат кон оваа хумана мисија која спасува животи.**

шето здравје. Не само што ќе спасите туѓ живот, туку можете да го спасите и вашиот, бидејќи редовно дарување крв е поврзано со помал ризик од инфаркт, што е научно потврдено. Се зголемува чувството на самопочит за долг и квалитетен живот .Повеќето крводарители даруваат крв бидејќи едноставно сакаат да им помогнат на другите, а ова им дава чувство на самопочитување кое пак има одлично влијание на нивното здравје.

**✹И, за крај, како да ја подобриме состојбата во крводарителството?**

-Преку поагресивна кампања (преку сите медиуми); Едукација уште од најмлади години (оновни и средни училишта); Поголема одговорност, подобар пристап и прием на крводарителите; Едукација на населението за значењето на крводарувањето во сите сектори: јавен, приватен и граѓански; Контакти со приватниот сектор,локалната заедница,градоначалници, кои можат да придонесат за крводарувањето, преку лични примери, мотивација. Унифицираност на стимулативните средства - доделување на симболични подароци, јубилејни признанија; Соработка и превземање(размена) на искуства од други држави, Организирање на манифестации, забави за крводарителите. Се надевам дека и преку ова интервју во Штипски Глас придонесуваме за поголема информираност. Крводарувања во Центар за трансфузиона медицина Штип (во служба и на терен) за изминатите 4 години.

# 2025 ја стартуваме со историски најголем буџет од над 30 милиони евра

**Од вкупниот буџет 17 милиони евра го сочинуваат основниот буџет**

Општина Штип за 2025 година ќе има историски најголем буџет. Вкупниот буџет кој Советот на општината го усвои на денешната седница е проектиран на 1.886.896.000 денари, што е нешто над 30 милиони евра.

Буџетот пред советниците го елабориpаше градоначалникот Иван Јорданов кој рече:

„Изминатите три години успеавме да генерираме развој на општината со добро планирање на буџетите со што успеавме Штип да го направиме подобро место за живеење. Во тој период успешно ги реализиравме буџетите од кои произлезе реализацијата на голем број проекти и капитални инвестиции. За наредната 2025 година имаме проектиран буџет во вкупен износ од 1.886.896.000 денари при што основниот буџет изнесува 1.058.240.000 денари. Се работи за историски највисок вкупен но и основен буџет кој до сега го имала Општина Штип“, нагласи градоначалникот Јорданов.

Првиот човек на градот основниот буџет за 2025 година го компарираше со основниот буџет на општината од пред три години како и капиталните инвестиции тогаш и за 2025 година:

„Пред три години основниот буџет на Општина Штип изнесуваше 413.606.000 денари, а капиталните инвестиции беа на ниво од 119.355.000 денари. Во наредната година ќе имаме за 4,5 пати поголеми капитални инвестиции кои ќе бидат во износ од 592,6 милиони денари“, појасни таткото на градот.

Граѓаните на Штип, сепак, најмногу ги интересира на кои капитални проекти ќе се трошат овие големи пари, односно што градот и граѓаните добиваат со тоа.



***Буџетот го елабориpаше градоначалникот Иван Јорданов***

„Ќе градиме нови градинки зашто од нив имаме потреба, ќе реализирам голем број инфраструктурни проекти меѓу кои и рехабилитација на најмалку 50 улици во градот, обиколници, два нови моста на реката Брегалница, нови паркови површини и:

- Ќе продолжиме со изградбата на Булевар Партизанска;

-Ќе го изградиме огромниот еко парк на 70.000 метри квадратни покрај спомнатито булевар;

-Нов парк ќе се гради и кај бањата Кежовица

долж реката Брегалница со можност за урбанизирање на просторот каде што ќе поминува обиколницата и ќе биде изграден новиот мост на Брегалница;

-Со новиот буџет планирано е финансирање на обиколницата со нов мост на реката Брегалница што ќе започне да се гради за неколку недели

-Нов мост на Брегалница ќе се гради и на другиот крај од градот преку кој ќе се поврзат населбите

***Основниот буџет „тежи" 1.058.240.000 денари (17 милиони евра) од кои 592,6 милиони денари или 56 проценти од основниот буџет се наменети за капитални инвестиции кои функционално и визуелно ќе го изменат Штип, смета градоначалникот Иван Јорданов.***

Македонка и Баби со што ќе се намали метежот во сообраќајот;

-Во централното градско подрачје планирана е изградба на две нови катни гаражи;

-Ќе се продолжи со изградба на конзоли на реката Отиња на потегот од Трговскиот центар до плоштад Слобода;

-Ќе се заврши изградбата на спортскиот центар „Џексон" кој ќе има капацитет од нешто над 1.000 седишта;

***ЈОРДАНОВ: „Пред три години основниот буџет на Општина Штип изнесуваше 413.606.000 денари, а капиталните инвестиции беа на ниво од 119.355.000 денари. Во наредната година ќе имаме за 4,5 пати поголеми капитални инвестиции кои ќе бидат во износ од 592,6 милиони денари", појасни градоначалникот Јорданов.***

-Ќе изградиме три нови големи резервоари на Пребег, Мерите и Каваклија при што оној на Пребег е веќе во изградба, на Мерите ќе започне да се гради веќе во месец јануари. Со овие резервоари ќе го решиме прашањето за квалитетно снабдување на високите зони со вода за пиење;

-Ќе се гради комплетно нова водоводна мрежа во викенд населбата Плуждино која со вода ќе се снабдува од спомнатите резервоари:

-И во новата населба Три Чешми ќе биде изградена комплетно нова водоводна мрежа;

-Комплетно нова водоводна и канализациона мрежа ќе се гради за потребите на новата населба помеѓу постојните населби Сењак 4 и Баби;

-Во населбите Блок 70 и Блок 77, познати под популарните имиња Леваци и Деснаци ќе биде извршена комплетна реконструкција на подземната инфраструктура, а ќе биде третирана и надземната инфраструктура-улици и тротоари;

-Комплетно ќе биде реконструирана водоводната и канализационата мрежа во населбите „Света Недела" и „Дузлачкио рид",а за бесправно изградените објекти во Ромското маало ќе се интервенира таму каде што нема третирање на канализационата мрежа, и каде што нема евиденција на потрошувачката на вода.;

***Ќе се рехабилитираат 50 улици во градот, ќе се изгради обиколницата со мост на реката Брегалница, уште еден мост на оваа река ќе се гради за поврзување на населбите Баби и Македонка, ќе се градат два големи парка, едниот мега парк од 70.000 метри квадратни кај булеваротПартизанска кој е во изградба, другиот покрај Брегалница кај бања Кежовица, викенд населбата Плуждино добива водовод, во повеќе населби ќе се обноват водоводните и канализационите мрежи, во центарот на градот ќе се изградат уште две катни гаражи...***

-За првпат во историјата на Штип ќе биде поставен Скада систем на целата градска водоводна мрежа со што која ќе се овозможи целосна контрола и точен увид на местата на кои се јавува загуба на водата која до скора изнесува 60 проценти, но со реконструкциите на главните и секундарни водоводни мрежи кои што се направени во последно време таа згуба е намалена на околу 40 проценти:

„Овие, како и многу други проекти визуелно и функционално ќе го изменат ликот на нашиот град во најпозитивна смисла", рече градоначалникот Јорданов. Тој од говорницата им се заблагодари на штипјани што се одзваа на јавните дебати кои ги организираше Општината, а на кои тие самите ги определиле приоритети за еден попросперитетен, пофукнционалне и поубав Штип.

# Кој сака да работи може да има квалитетен живот и во Македонија

**_Двајца млади штипјани создале партнерство, монтираат клими и имаат убав живот_**



Наце Ѓоргиев (33) и Дени Спасов (37) се млади, семејни луѓе кои создале бизнис партнерство во областа на монтажата на клима уреди за на тој начин, преку посветена и квалитетна секојдневна работа да обезбедат пристојна заработувачка, а со тоа и пристоен живот за своите семејства. И двајцата имаат средно стручно образование и европски сертификати за разладни уреди. Наце со сопругата имаат едно дете, а семејството на Дени покрај сопругата го чинат и две деца.

Приказната за нив ни стана интересна бидејќи поголем дел од младите луѓе, посебно оние кои имаат за-



Наце Ѓоргиев



Дени Спасов

наети злато вредни, својата иднина јачесто ја гледаат надвор од Македонија, но ставот на Ѓоргиев и Спасов е поинаков.

-Секој млад човек во определен период од својот живот размислувал за работа во странство, најмногу поради ниските плати кај нас, лошото здравство, скапи производи, но ние решивме да останеме во Македонија, на родните огништа бидејќи оној кој сака да работи и да заработи и во нашата држава може да си обезбеди квалитетен живот, велат нашите соговорници.

Тие пред две години решиле да се занимаваат со оваа дејност.

-Сакав преку работа плус да заработам повеќе, а и преку секојдневна работа да ги проширам знаењата во областа на електро инсталациите и местењето на клима уреди. Освен ова, кога имам слободно време, му помагам на брат ми во местењето на гипс картони. Од моето партнерство јас сум презадоволен, вели Наце.

И двајцата се на став дека најважно во работата им е корисникот на нивните услуги да биде задоволен од сработеното. –„Наша цел е да оствариме коректен однос со семејството за кое работиме, сакаме цената на нашата работа да е прифатлива и за оној кој не ангажирал, а и за нас“, додава Дени.

И Наце и Дени се со став дека секоја работа се исплаќа, а така е и со тоа што тие како партнери го работат.

-Има се повеќе семејства кои се одлучуваат процесот на греење и на ладење на своите домови да го решаваат со инсталација на клима уреди. Огревното дрво стана скапо, и по речиси иста цена едно семејство ќе се грее без оглед дали користи огревно дрво или клима уред, но при клористење на клима уредот помала е маката и помалку се создава ѓубре, ги појаснува нештата Наце. Двајцата прават ваква споредба: пензионер ги повикал да му монтираат клима во стан во станбена зграда на трети кат. Зградата немала лифт, а пензионерот се пожалил

**-Секој млад човек во определен период од својот живот размислувал за работа во странство, најмногу поради ниските плати кај нас, лошото здравство, скапи производи, но ние решивме да останеме во Македонија, на родните огништа бидејќи оној кој сака да работи и да заработи и во нашата држава може да си обезбеди квалитетен живот, велат нашите соговорници.**

дека веќе не е во години кога може качува дрва на третиот кат. Му монтиравме клима и одново не побара да му монтираме уште една, помала клима во спалната соба. Овој пример кажува многу, велат партнерите во оваа работа.

Искуството на овие млади луѓе упатува на тоа дека клиентите кои бараат од нив услуга однапред го имаат истражено пазарот на клима уреди и однапред се имаат одлучено од која марка ќе купат. Но, имало и такви кои сакале прво со нив да се советуваат, а потоа да набават клима при што, според Дени и Наце најважно било климата да има широк дијапазон на ладење и на греење.

-Презадоволни сме бидејќи добриот збор на далеку се слуша и многу клиенти кај кои сме работеле не препорачуваат на свои пријатели, роднини, соседи...Тоа само го проширува опсегот на нашата работа, а ние секогаш се трудиме работата да ја изведеме најквалитетно и на општо задоволство пред се на клиентот, а се разбира и на нас како извршители, појасуваат соговорниците.

# Паметење на убавото и оптимизам за 2025

***Тројца наши сограѓани ги анкетиравме со две клучни прашања: да дадат оценка за 2024 и да ја кажат својата надеж за 2025 година. Еве ги нивните одговори:***

## МИТРЕВСКИ: Моето трето внуче во 2024 и само убави работи во 2025 за сите во Македонија

**❑ Зоран Митревски, дипл. земјоделски инженер, уметник-сликар, има задоволство од 2024 и оптимистичка визија за 2025 година**



**Г**одината што помина ке ја паметам по убави нешта. (Зошто ние луѓето намерно или ненамерно не сакаме да ги паметиме лошите работи). Ке ја паметам зошто на светот дојде моето трето внуче, поточно внукичка Леа, нејзината крштевка, и моментите кои ги поминав со неа, но и со другите две внучиња Александар и Лука.

Ке ја паметам по времето поминато во моето ателје создавајќи многу нови дела, кои се надевам еден ден ќе ги красат домовите на многу луѓе.

Ке ја паметам по дружењето со моите пријатели на утринското кафе, по реконструкцијата на мојата улица, по изградбата на шеталиштето на место на едносмерната улицата Ванчо Прке, по разубавувањето на мојот град а посебно за нова година, и уште многу мали работи кои го прават животот на човекот поубав и по среќен.

Во новата година посакувам да ми се падне седмица на Лото..... ха.ха.ха, малку шега, всушност јас никогаш среќата не сум ја поистоветувал со парите, и сметам дека ако не си среќен без многу пари, нема до бидеш среќен и колку и да ги имаш.

Во новата година посакувам да се случуваат убави работи како на мене, така и на сите Македонци. Посакувам луѓето да бидат среќни, здра- ви и со верба за подобро утре. Посакувам ведрина на лицето на луѓето во мојот град. Посакувам државата да се среди во вистински смисол на зборот, да почнат да функционираат институциите како што треба, како би се вратила вербата во нив каква што ја имаа порано.

## ВЕЛИЧКОВСКА: Да сум горда и на мојата Македонија

**❑Славица Величковска е долгогодишна новинарка која, во моментов, работи како дописник на јавниот сервис (МРТВ) од Штип и регионот. Еве ги нејзините одговори на двете прашања:**



**М**инатата година имав желба и на локално и на глобално ниво луѓето да бидат на вистинското место.

-Клучните фигури во актуелните бесмислени војни во затвор.

-“Мажите“ кои сила демонстрираат врз жени, деца и животни во лудница.

-Злобните и амбициозни на фабричко подесување.

-Мрзливите на обука.

-Глупавите на училиште.

Желбата нема шанса да се оствари, па затоа ние новинарите си имаме работа многу.

2025 сум со иста желба. Горда сум на своите и успесите на моите блиски. Би сакала годинава да бидам горда и на мојата Македонија.

## МИТЕВ: Убав пресврт во 2024, да учам за да бидам подобар во 2025

**❑ Иван Митев е новинар во М Нет телевизија и лека-полека станува препознатливо ТВ лице во професијата за која не се школувал, но многу ја сакал.**



Годината 2024 е мојата пресвртна во однос на начинот на живот и кариерата. Иако во 2023 година дипломирав на музичката академија во Пловдив, Р.Бугарија, на катедрата за музика и кореографија, сепак 2024 година е мојата пресвртница во која јас станав новинар. И како што вели народната од работа, нема срамота” така и јас продолжив во ритамот на животот да си барам соодветна работа, па со упорност и апликација стигнав до М-Нет телевизија.

Морам да признаам дека пишувањето е мојата втора омилена работа која умеам со ќеиф да ја работам. Може би ова е мојата вистинска работна кариера, ќе покаже времето, ама вистински знам дека ова е мојата втора работа, која осознав дека можам да ја работам со многу љубов. Колегиумот ми е веќе моја втора фамилија, па еве 2024 година за мене има посебен траг по кој јас до крајот на животот ќе се сеќавам на неа.

Посакувам во 2025 најпрво да имам и понатаму снимања и емисии со познати ликови. Да учам, за да бидам уште подобар, дека човека се усовршува дури е жив. Не постои подобра верзија од себе, доколку постојано се усовршувате. Би сакал 2025 година да создаде траг исто како претходната.

# Адиент Македонија, трет пат сертифициран како најдобар работодавец за 2025 година

Адиент, водечки глобален добавувач за автомобилски седишта, ја доби овогодинешната сертификација „Најдобар работодавец“, Top Employer и за својата организација во Словачка, истовремено обновувајќи ја сертификацијата во шест други европски земји веќе оценети во претходните години.

Според оцената на Институтот Top Employers, локациите на Адиент во Чешка, Унгарија, Македонија, Романија, Полска и Србија покажаа подобрувања во споредба со минатогодишната проценка - со вкупно зголемување од 6,33% од минатогодишниот резултат. Помеѓу резултатите се истакнуваат највисоко рангираните компании во Република Чешка со вкупен резултат од 89%, и Адиент во Македонија и Србија, со постигнати 88%.



Принципот на сертификација на годишно ниво има за цел да обезбеди споредба на корпоративните практики за човечки ресурси во различни индустрии и земји. Резултатите се засноваат на истражувања кои опфаќаат клучни области од управувањето со човечките ресурси како што се стратегија за луѓе, работна средина, привлекување на таленти, како и учење и развој на вработени.

„Ни претставува задоволство што на сите пазари низ EMEA на нашата организација го обновивме сертификатот за врвен работодавец, со посебен акцент на нашите локации  во Словачка кои постигнаа резултат од речиси 85% при првиот обид“, изјави Небахат Гулер, потпретседател за човечки ресурси EMEA во Адиент.

Адиент Аутомотиве Струмица и Адиент Сеатинг Штип го добиваат сертификатот Top Employer за Македонија и Европа трета година по ред, покажувајќи напредок, и извонредни резултати од 88% во сите области кои се оценуваат.

„Нашиот посветен тим е нашиот најголем адут. Ние ја негуваме тимската култура за различност, еднаквост и инклузија и ги цениме уникатните таленти и перспективи кои ги има секој од нашите членови на тимот. Сертифицирањето трета година по ред како Најдобар работодавец ги докажува тимските заложби за континуирано подобрување во нашето динамично опкружување и индустрија, и ѝе инспирира да направиме уште повеќе за нашите вработени во иднина“. – истакна менаџментот за човечки ресурси на фабриките Адиент Аутомотиве Струмица и Адиент Сеатинг Штип.

***Адиент Сеатинг Штип и  Адиент Аутомотиве Струмица го добиваат сертификатот Top Employer за Македонија и Европа трета година по ред, покажувајќи напредок, и извонредни резултати од 88% во сите области кои се оценуваат.***

# Да ли градоначалниците избрани во неомври, 2025 година, ќе може да се отповикуваат преку референдум?



Учесници во дебатата

На Законот за локална самоуправа му е потребна модернизација и во таа насока се јавните дебати, кои ги организира Министерството за локална самоуправа кое од кои втората дебата се одржа во Штип, а на која присуствуваа и со свои предлози учествуваа повеќемина градоначалници, експерти и претставници на здруженија на граѓани.

Според Златко Перински, министер за локална самоуправа во оваа дебата има три главни постулати. Првиот е референдумска можност за отповик на градоначалник, којштo несовесно постапува или оној кој соодветно не ја извршува својата функција. Втората е да се воведе и во законот да се препознае комуналниот редар затоа имаме потреба да се превенираат и тие девијантни појави, коишто ги имаме од. Третиот постулат е е поголема вклученост на граѓанскиот сектор во работата на локалната самоуправа, бидејќи на тој начин локалните самоуправи можат да носат поквалитетни решенија во интерес на заедницата, на граѓаните, рече Перински.

Министерот Перински смета дека адаптацијата на Предлог измените на Законот за локална самоуправа треба да заврши до крајот на месец март 2025 година, за потоа да биде пуштен на консултации со сите парламентарни политички партии и да се отвори дискусија, за да и таму бидат презентирани работите, кои министерството сака да ги имплементира во новото законско решение. Очекувањата се веќе од следните локални избори кои ќе се одржат во месец ноември, 2025 година изменетиот Закон за локална самоуправа да стапи на сила.

„Сите функционери во Република Македонија се заменливи, освен градоначалниците. Измените на Законот за локална самоуправа нема да значат казна за градоначалниците, туку подобрување и зголемување на квалитетот на нивната работа“, изјави Перински.

Градоначалникот на Општина Штип, Иван Јорданов смета дека општините не смеат да си дозволат да чекаат само на повиците и можноста Владата да ги финансира проектите, кои се примарна обврска на општините. Според Јорданов треба да се направи критериум, како и врз основа на наплатата на даноците, на капиталните расходи што ги имаат во буџетите еден градоначалник, односно општина да се компарира со другите општини, а во насока на поефикасно работење и развој на општините.

-Не смееме да дозволиме општините, градоначалниците вклучувајќи се и јас самиот себе да оставиме можност да не се развиваат општините и ова да зависи од волја на одреден градоначалник. Во исто време не смееме да дозволиме општините да бараат милост за развој на срединате, за развој на општините. Така да она што е многу значајно и битно е да има контролен механизам на функционирањето на локалните самоуправи, вклучувајќи ги градоначалниците. Во исто време фискалната децентрализација е значајна, но исто така и критериумите по кои ќе се одвива таа фискална децентрализација е многу битна, вели Јорданов.

***ПЕРИНСКИ: Сите функционери во Република Македонија се заменливи, освен градоначалниците. Измените на Законот за локална самоуправа треба да овозможат замена на неуспешните градоначалници по пат на референдум, а тоа нема да значи казна за нив туку подобрување и зголемување на квалитетот на нивната работа.***

Универзитетскиот професор, Гордан Георгиев истакна дека преку консултативните средби со градоначалниците, невладиниот сектор и експертите ќе се обидат да направат интервенции на неколку нивоа во Законот за локална самоуправа. Забележува дека станува збор за стар Закон, кој го поминал тестот на времето, а какошто вели со сите нови искуства откриени се неколку аспекти, кои можат да се подобрат. Според него на три нивоа може да се разговара за измени и дополнувања на Законот за локална самоуправа, меѓу кои односот на општината и граѓаните кон јавното добро, хигиената, вториот сегмент е во обврските на градоначалниците и Советите на општините кон граѓаните.

Целта на овој настан е да овозможи активно вклучување на локалната самоуправа и невладините организации во процесот на подготовка на измените и дополнувањата на Законот, со што се обезбедува поголема транспарентност и инклузивност.

# Уште еден извонреден Новогодишен концерт на ДМУЦ „Сергеј Михајлов“

Традиционалниот Новогодишен концерт на Државниот музички училишен центар „Сергеј Михајлов“ и годинава беше најдобрата музичка манифестација која му се има случено на Штип во 2024 година. Пред истекот на сега веќе старата година, стотина ученици и професори од ова училиште приредија концерт за паметење.



Поради големиот интерес на публиката во два дена се одржаа три концерти со вкупен број на публика од околу 2.000 посетители.

Во програмата учествуваа хоровите на основното и на средното музичко училиште и народниот оркестар. Хорот на ОМУ со над педесет дечиња ги исполни песните Тивка Ноќ на текст од Јозеф Мор, а во аранжман на Франц Грубер и песната Дојди, дојди Дедо Мраз на текст од најплодниот македонски писател за деца Киро Донев, во аранжман на Љупчо Стефанов –Цоцо додека музиката беше на Томислав Таневски. Детскиот хор ја исполни и песната Ѕвончиња ѕвонат во аранжман на Андријана Јаневска, а на текст на Тања Бајрактарова-Веда.

Во аранжман на Славица Деспотова овој хор, кој со својот настап допре до срцата на сите посетители, ја исполни познатата Somewhere in my memori од Џон Вилијамс и уште неколку други песни при што хорот беше придружуван од оркестарот.

Дуото – пијано Трбоевиќ-Ефремова ја исполнија Дали знаеш паметиш Милице, по што настапи хорот и оркестарот на Средното музичко училиште со четири композиции меѓу кои беа и познатите македонски народни песни Јовано Јованке и Мома оди за вода во аранжман на Илија Ќосевски. Одличен настап имаше и Народниот оркестар на ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ со солиситите Ѓорги Недев, Александар Тасев и Димитар Станоев. Инспиративни диригенти беа професорите Славица Деспотова, Ленче Богдановска и Тоше Митрев.

На настанот присуствуваа министерот за култура Зоран Љутков, градоначалникот Иван Јорданов и владиката Иларион, а пред публиката се обрати директорот на оваа образовна установа Илија Ќосевски кој рече:

„Добредојдовте на овој свечен новогодишен концерт, на оваа вечер исполнета со музика, емоции и радост! Вечерва, сме тука заедно да го испратиме стариот и да го дочекаме новиот почеток! Новата година носи нови предизвици, нови надежи и секако, нови можности. Но, пред сѐ, да се потсетиме дека секој крај е истовремено и нов почеток.

Вечерва, преку звуците на прекрасната музика, ќе ја споделиме таа порака на заедништво, љубов и оптимизам. Нашите извонредни уметници, кои со својот талент и страст ја оживуваат магијата на музиката, се тука за вас. Тие ќе ви понудат моменти кои ќе ви го згреат срцето и ќе ве инспирираат да зачекорите со радост во новата година.

Дозволете ми во оваа пригода да им се заблагодарам на сите кои помогнаа во организацијата на овој настан – почнувајќи од нашите ученици и колеги, уметниците, техничкиот тим- без кои оваа вечер не би постоела, и најважно, на вас, драга публико. Без вас оваа магична вечер не би била возможна.

Да ја започнеме вечерта со насмевка, со отворено срце и со голема благодарност за сѐ што имаме, очекувајќи уште посветла иднина. Ви посакувам среќна и успешна Нова година, исполнета со здравје, љубов и хармонија! Уживајте во концертот и нека музиката ве понесе во светот на убавината и надежта„ порача Ќосевски и на сите им посака Среќна Нова 2025 година.



Народниот оркестар



Дуо Трбоевиќ-Ефремова



Хорот и оркестарот со диригентот Тоше Митров



Минситерот за култура Љутков и градоначалникот Јорданов



Детскиот хор со диригентката Ленче Богдановска Атанасова



Љутков, Јорданов и Илија Ќосевски, директор на ДМУЦ „Сергеј Михајлов“



Забавниот оркестар


ФЛИПНИ
И УЖИВАЈ
СТОБИ ФЛИПС


KitGomarketi
КУМАНОВО
ПРОБИШТИП
СКОПЈЕ
М. КАМЕНИЦА
ДЕЛЧЕВО
КОЧАНИ
ПЕХЧЕВО
ШТИП
ВЕЛЕС
БЕРОВО
РАДОВИШ
НЕГОТИНО
СТРУМИЦА
КАВАДАРЦИ
ГЕВГЕЛИЈА
КИТ-ГО Маркети
Вкусно
Baron
ТЕРА
Donna

# Орденот „Свети Никола за фудбалерот Бојан Миовски



Иголинава градоначалникот на Општина Штип по повод христијанскиот празник „Свети Никола“ кој е на 19 декември и е патронен празник на градот и на Брегалничката епархија, ги врачи признанијата на штипјани кои, со својата работа и посветеност дале придонес просперитетот и за угледот на градот.

Фудбалскиот репрезентативец Бојан Миовски е носител на Орденот „Свети Никола“, а добитници на признанијата се „КТМ енерџи солушн“ Друштво со ограничена одговорност за општествено одговорна компанија, хирургот д-р Александар Митевски за посебен придонес во здравството, Териоријалната Противпожарна единица-Штип за справување со пожарите и Одбојкарскиот клуб УГД-Штип за посебни остварувања во спортот.

МУЗИКА

# Формирано ЗГ „Астибо биг бенд“



На иницијатива на професори од музичкото училиште „Сергеј Михајлов“ во градот е формирано Здружение на музичари под име „Астибо биг бенд“. Во име на здружението за идејата и можната реализација на истата зборуваше м-р Горан Кавраков, професор во Средното музичко училиште „Сергеј Михајлов“,долгогодишен член и саксофонист во познатата музичка група „Нокаут“.

-Биг бенд е музички состав со повеќе од десетмина музичари во четири секции: труба, саксофон, тромбон и ритам секција. Убеден сум дека градот има музички кадар и капацитет за успешно да формира и поддржи еден ваков драгоцен за музчичкиот живот на градот и државата ансамбал, ни изјави Кавраков. Според нашиот соговорник идејата за формирање на вакво здружение е поддржана и од професорите во музичкото училиште м-р Виолета Арсова, м-р Елена Мирасчиева, Славица Десподова и Кристијан Алексовски.

Како ќе течат понатаму работите во однос на оваа идеја ќе покаже времето. Факт е дека Штип од дамнина е музички град кој дал голем број музичари кои работат насекаде по светот, факт е дека покрај средното музичко училиште градот има и Музичка академија како дел од Универзитетот „Гоце Делчев“ што значи дека основните ресурси се тука.



**Пишува:**
**М-р Трајче КАЦАРОВ, писател**

# ПРЕД НОВОГОДИШНА

Дека сум навлечен на читање на дневниот печат, навлечен сум. Кога го сретнав за прв пат дневниот весник „Новата Македонија“ беше за два прста повисок од мене. Оттогаш почнав, лист по лист, да го листам од задната страна- откај жалните вести. Ги читав насловите на статиите мрдајќи со усните и со движењето на показалецот од буква на буква.




Со текот на годините читањето на дневниот печат ми стана пракса. Кога пред триесетина и нешто години наидов на куса рецензија на академик Милан Ѓурчинов, за мојата втора поетска книга „Го следите ли Хорхе“, дневникот „Политика“, поготово саботниот број, стана моја омилена лектира.

Пишувањето колумни во „Утрински весник„ „Време“ во „ЛИК “ ме тераше кога бев во Скопје да стојам пред некои од семафорите на „Партизански одреди“ или пред печатницата и да ги чекам штотуку испечатените примероци.

* * *

Бутките на кои ги купувам весниците - моите хартиени крилја за лет околу светот, од година на година се во се’ помал брј. Истото е и со тиражот на весниците. Но, навиката да си правам крилја од рото - хартија никако да згасне.

Полетувам, повтоно и повторно, од секој видлив киоск.

* * *

На ден два пред дочекот на Новата година, застанав во редот пред кисокот во Трговскиот центар, кога слушнав глас. Ми доаѓаше од зад грбот: „Немојте преку ред!“ Се свртев и видов не кратка ниска од луѓе зад мене. „Ама јас сакам да...“ реченицата ми ја скрати силен машки глас: „Сите ние сакаме, господине!“.По него се наредија уште неколку куси коментари: „Никој овде не е од шарената крава!„ „Македонче, никогаш нема да се научи
на ред и дисциплина!„

Се иставив од редот. Секој обид да се вратам во редот се’ додека не застанав на опашката беше дочекан со исвиркување. Споро се движеше редот. Пред да се покорам на мрачнита претпоставка - ќе нема примерок за мене, ја видов жената која излегувајќи од киоскот викна на сет глас: „Добивкаа!“.

Како што излегуваа: мажи, жени, деца, со весели и тажни лица од киоскот, така бројот на чекачите пред мене се намалуваше. Пред вратата на киоскот сфатив дека луѓето од редот се играчи на среќа.

Застанат на пултот со весниците в раце, продавачката ме погледна и рече: „ Толку малку останаа купувачи на весници што може на прсти да се избројат. Вие сте еден од тие малкуте.“

* * *

Одејќи си кон дома со весниците под мишка ми се идеше, без разлика на моите години, да потскокнувам од радост. Не секоја година завршува со признание, да не речам со орден за храброст.



Пишува:
Роберт Аџипетров

# Основното наставно средство – Учебникот!

Воспитно-образовниот процес е сличен со производствен процес, во кој квалитетот на финалниот производ зависи од квалитетот на импутите кои се користат во истиот. Учебниците како импут во образовната индустрија, имаат директно влијание врз знаењето, вештините и критичкото размислување на учениците, а со тоа се и одлучувачка алка која го детерминира успехот на учениците, а со тоа и на самиот систем. Во Македонија, оваа тема предизвикува сè поголем интерес, а јавното мислење е дека системот воопшто не функционира и се базира на импровизации. Впрочем во минатото често бевме сведоци на недостаток на учебници, но и на проблеми во вид на несоодветна содржина, грешки во текстовите, како и недостаток на иновативни и интерактивни елементи. Во некои гранки од образованието имаме и наставни програми, а со тоа и учебници, стари и по повеќе од две децении што само по себе сведочи дека постои сериозна опасност од застареност на матрејалите што влијае негативно и ги намалува шансите за успех во споредба со остатокот од светот.

Учебникот е основно наставно средство, а тоа значи дека истиот треба и мора да биде повеќе од само збир на информации. Учебникот треба да биде структуиран на начин што би ги поттикнувал учениците да истражуваат, анализираат, но и да го применуваат стекнатото знаење. Содржината секогаш мора да биде точна, актуелна и прилагодена на возраста и нивото на разбирање на учениците. Дополнително, визуелниот и интерактивниот дел од учебниците, како што се графикони, илустрации и дигитални материјали, нешто што има значајна улога во привлекувањето и задржувањето на вниманието на учениците, мора да биде соодветно изработено. Сите овие елементи се директно поврзани со наставната програма, која претставува рецепт за тоа како треба да се изработи еден учебник. Наставната програма треба да биде флексибилна и ориентирана кон иднината. Во свет каде што технологијата и глобализацијата брзо го менуваат начинот на живот, програмата треба да вклучува современи теми како дигитална писменост, екологија, финансиска писменост и вештини за решавање на проблеми. Истовремено, треба да се негуваат традиционалните вредности, јазикот и културата бидејќи е јасно дека народ без историја е исто како и дрво без корен. Ова значи дека квалитетна наставна програма во голема мера значи и квалитетен учебник, а добаро изработен учебник дава стартна предност на учениците во нашата држава во однос на остатокот од светот.

Како резултат на горенаведеното, а со цел надминување на проблемите во делот на обезбедување на еден од основните „производствени фактори“ во образовниот процес, Собранието на Република Македонија, на 28-та седница на крајот од 2024 година, по повеќе од 16 години донесе нов Закон за учебници за основно и средно образование. Старото законско решение често беше причина за бавна и комплицирана постапка, која пак воглавно беше причина за недостаток на учебници, а со тоа и креатор на негативно јавно мислење. Со новиот закон, на кој активно се работеше подолг временски период, овие недостатоци се очекува да бидат надминати, учебникарството се враќа кај издавачите, а воедно се создаваат и можности за при-

**Треба да се негуваат традиционалните вредности, јазикот и културата бидејќи е јасно дека народ без историја е исто како и дрво без корен. Ова значи дека квалитетна наставна програма во голема мера значи и квалитетен учебник, а добаро изработен учебник дава стартна предност на учениците во нашата држава во однос на остатокот од светот.**

лагодување на учебниците за учениците со попречености како и изработка на електронски и дигитални учебници. Со овој чекор Министерството за образование и наука покажува дека секој ученик е подеднакво важен за системот, а воедно се истакнува и желбата да се следат најновите трендови во делот на дигиталната технологија, а со тоа да се одржува чекор со далеку понапредно образовни системи.

Сумирајќи го наведеното, заклучуваме дека инвестирањето во квалитетни учебници и наставни програми не е само обична обврска, туку е директна инвестиција во иднината. Впрочем за да се изгради едно современо општество, неопходно е образовниот систем да генерира „продукти“ во форма на идни генерации кои би биле спремни да се соочат со предизвиците на 21-от век и да придонесат кон развојот на заедницата, а со тоа да ја издигнат Македонија на едно повисоко ниво.

**(Авторот е в.д. Директор на Педагошка служба при Министерство за образование и наука)**

# Нова книга на писателот Трајче Кацаров „Немој да кажеш, навистина немој да кажеш“

Денес од печат излезе најновата книга на писателот Трајче Кацаров „Немој да кажеш, навистина немој да кажеш“. Во импресивно творештво на Кацаров кој живее и твори во Штип се регистрирани над педесет издадени дела драми, поезија, проза, книги за деца, собрани колумни...

„Духовита, одживеана, небесна книга обвиена со нежна, копринеста, како прилца на пеперутка, завеса од спомени. Во секоја прозна минијатура, во секоја ритмичка целина од зборови, искричаво се судираат видливото и невидливото, физичкото со духовното, а во исто време и се преплетуваат, како што се преплетуваат стварното и сонуваното, конкретното и апстрактното“ напиша во својата рецензија писателот Блаже Миневски.




На 136 страници застапени се стотина прозни минијатури објавувани последниве две години на социјалните мрежи и во весниците Нова Македонија и Штипски Глас.

„Инспирацијата за овие минијатури ја најдов во секојдневието, во нашиот духовен и емотивен јавен живот, во моите сеќавања на минатото, нешто што само по себе претставува детерминирање на човекот како социјална единка“, изјави Кацаров за нашиот портал.

Книгата „Немој да кажеш, навистина немој да кажеш“ е возбудливо четиво кое ги додирнува најемотивните сетила на читателот, тоа е ракопис кој се чита во еден здив и поради нејзините високи книжевни вредности топло ја препорачуваме да си најде дом во секоја домашна библиотека.

# „Бисерни фантазии“ нова книга поезија на младата Моника Стојанова



Младата писателка и поетеса Моника Стојанова пред читателската публика се претстави со нова книга поезија со наслов „Бисерна фантазија“. Се работи за двојазична поетска збирка (македонско-српска) која содржи три циклуси песни:1.Страниците на бесконечноста;2.Мистичен лавиринт на мечтите; 3.Небесен еликсир.

Песните претставуваат разнобојна лепеза на која се насликани различните аспекти на мисловните текови кои ги условуваат човековите дејства, милозвучните созвучја на природата како атом на светот, кои компаративно се поистоветуваат со човековата природа, со материјата како егзистенцијална супстанца, и нијанси на борбениот дух наспроти духовниот и морален пад на општеството. Тука се вклопува и дивергентноста на раскошот на растителниот свет кој на планетата ги испраќа најплеменитите пораки, феноменот на безусловното создавачко давање и пронаоѓање на патот до внатрешниот мир кој е одраз на совршената Креација. Песните се карактеризираат со философски и психолошки приказ на материјалното и есенцијалното.Меѓу нив, застапени се и романтични стихови посветени на изворот на исконската љубов која одѕвонува низ гласот на морето, одата на облаците, во тишината на ѕвездената ноќ...

Како рецензент зад делото се потпиша академик проф. д-р Драгутин А. Ѓукиќ, кој во својата рецензија истакнува:

„Авторката се одликува со изразена елоквентност, универзалност (во однос на темата и значењето) и длабочина која е испреплетена со универзалноста и се рефлектира на суштината на поезијата, што особено се забележува во песната *Неиспишан поетски сон*, во која таа апострофира дека „Ако поетот не би се побунил, / реалноста не би била разбрана“, зашто „одѕвонува како од празно ѕвоно, / кое чека да се исполни“ (...)

Во песната *Нови записи од минатото*, таа, како Десанка Максимовиќ, ја наслутува љубовта: „две птици делат цветна гранка, / и низ црцорењето на душите се спојуваат во едно“.

Ова поетско дело од младата поетеса Стојанова е добро осмислено и реализирано во согласност со нејзините поетски ставови, за што сведочат многуте убедливи и сугестивни песни. Поради сериозноста со која пристапува кон пишувањето поезија, со недвосмислено јасна порака, која ја подига свеста и облагородува, на читателите им препорачувам повеќекратно да ја прочитаат оваа поетска збирка“.

Стојановска е учесник на поетски фестивали во Србија и Италија, а нејзината поезија е објавена во голем број меѓународни антологии и препеана на српски, италијански, англиски, руски и бугарски јазик. Член е на Друштвото на писатели во Крагуевац, Србија.

# Летните настани во Домот на млади привлекуваат најмногу внимание

***✧ За работата на Домот на млади разговараме со директорот Видан Лазарев***

Домот на млади е најпривлечната културна и забавна институција за младите во Штип. Директорот Видан Лазарев во разговор за Штипсаки Глас вели дека 2024 година за нив била исклучително успешна.

-Годината ја завршивме со 63 реализирани и опслужени настани од кои 34 музички што е за десет проценти повеќе од 2023 година. Тоа се филмски проекции, работилници, ликовни колонии и изложби, театарски претстави, промоции, настани од областа на литературата. Што се однесува до посетеноста, ако во 2023 имавме нешто повеќе од 6.000 посетители, статистички бројката во 2024 е поголема за десет проценти. Оваа тенденција се надеваме дека ќе продолжи и понатаму, вели Лазарев.

Советот на Општина Штип ја усвои програмата за 2025 година: Што таа предвидува за 2025 година.

-Како и секоја година, рализираме барем по неколку настани кои за прв пат се случуваат во Дом на млади. Така, оваа година предвидени се неколку активности со кои ќе ја освежиме културната програма на



град Штип. Тоа се повеќе концерти, ликовни колонии, проекции, промоција на млади музичари, неколку музички фестивали итн. Можам да ги издвојам единствениот Хип-Хоп фестивал во државата „Македонски Фестивал на Хип-Хоп музика и урбани култури – Од А до Штип“ и „Астибо Џез фестивал“ како модерни двигатели на културната сцена во Штип, кои носат публика од целата држава и странство, појаснува Лазарев.

Ова институција е финансирана од Општина Штип. Буџетите се формираат внимателно и тие овозможуваат непречена реализицијa на предвидената програма. Неколку настани пак во континуитет се подржани од Министерство за култура, како „Колонија на Различности...



***Видан Лазарев***

-Дефинитивно летните настани привлекуваат најголемо внимание кај посетителите. Ланскиот концерт на „Меморија“, „Астибо џез фестивал“, концертите, настаните во склоп на Штипско културно лето, а помеѓу младите најголемо внимание предизвикува фестивалот „ Од А до Штип“, кој во 2025 година ќе го има своето 3-то летно издание. Да напоменам дека во склоп на овој фестивал се организираат и зимски изданија“, вели директорот Лазарев.

Дом на Млади поседува повеќе внатрешни и надворешни капацитети. Внатрешниот простор поседува 2 сали каде можат да се одржуваат настани (мала и голема сала), кои се технички подготвени да опслужат настан од било кој карактер. Во внатрешните капацитети можат да сместат 500 гости. Летниот концертен простор во Дом на Млади е со капацитет од 2.500 луѓе. Дом на Млади го има единствениот летен концертен простор во Штип. Сите летни концерти, настани и фестивали носат своја публика која секогаш ги полни капацитетите на летниот концертен простор. Најпосетен концерт веројатно е тој на Меморија од 1991 година каде имало 3.000 луѓе, настан за кој и ден денес се зборува. За младите повторно ќе го спомнеме фестивалот на Хип-Хоп музика и урбани култури „Од А до Штип“ кој дефинитивно ги руши рекордите на посетеност за овој тип на култура.

-Тенденцијата за унапредување на целиот простор продолжува и понатаму. Дом на млади поседува сопствено сценско осветлување кое се надградува постојано. Со оглед на тоа што летниот концертен простор е веќе реконструиран и пуштен во употреба пролетта 2023 година, остануваат само неколку детали во целата приказна за Дом на млади да ја добие вистинската слика. Вниманието го насочуваме кон унапредување на просторот функционално и естетски, на пример покрај сценското светло, се монтираа и рампи кои користат за поставување на звук и светло. Обновен е и внатрешниот изглед на големата сала. Оваа година ќе се фокусираме на реконструкција на некои необновени делови во Дом на млади, што не се во склоп главната зграда, но се од големо значење за институцијата, и околните соседни објекти, укажува Лазарев.

# Во 2024 година Боречкиот клуб Балканец освои 217 медали!

Боречкиот клуб Балканец зад кого е повеќедецениска традиција на постоењето и во 2024 година (о)стана нашиот најдобар и најтрофеен спортски колектив. Клубот освои импозантни 217 медали, од кои 74 златни, 60 сребрени и 83 бронзени.

-Настапивме на преку триесеттина меѓународни турнири и државни натпревари кои беа зацртани во натпреварувачкиот календарот на Боречката федерација на Македонија. Од позначајните резултати ги издвојуваме обезбедувањето норма за учество на Олимписките игри во Пари на кои настапи нашиот борач Владимир Егоров со тренерот Бобан Данов, вели Виктор Богданов, претседател на БК „Балканец“.

Последниот настап штипските борачи од Балканец го имаа на Балканското првенство во Скопје на кое борачите на Балканец освоија 12 медали. Спортистите од овој клуб во 2024 година учествуваа и на европско и светско првенство каде исто така имаа забележителен успех.



Виктор Богданов

-Во клубот имаме околу 100 членови, од кои десет се девојчиња кои го засакале борењето како спорт. Но, оваа бројка може и да се дуплира кога би имале подобри услови за работа. Нашиот клуб во 2025 година ќе слави 65 години постоење, а толку години работиме во салата која е во состав на Противпожарното друштво. Тоа не се добри услови, не се соодветни на клуб кој со години бил државен шампион и има дадено олимпијци. Во вакви услови присилени сме да тренираме во мала сала и тоа во три групи. Соседните држави како Србија, Бугарија и Косово многу вложуваат во овој спорт и отворија посебни центри за борење. Би било прекрасно кога и Штип, како град кој го подигна борењето на едно подруго ниво, би добил таков центар, тогаш резултатите би биле и подобри, вели Виктор Боданов, првиот човек на БК Балканец.



Во продолжение донесуваме повеќе фотографии од настапите на борачите на овој клуб.



Балканец му оддаде признание на градоначалникот Јорданов за поддршката на клубот



***Балканец во 2025 година ќе слави 65 години од формирањето, толку години клубот работи во иста сала која е во рамките на Територијалната противпожарна единица, Србија, Бугарија и Косово изградија посебни центри за борење што е потреба и на Штип град кој преку Балканец борењето во Македонија го подигна на едно ново, повисоко ниво.***



Судијата прашува двајца осуденици на смрт да си ја кажат последната желба:
-Уште еднаш да ја слушнам песната Лане мое, вели првиот.
-А ти, го прашува судијата вториот осуденик.
-Па мене да ме стрелате прв, рекол тој.

Во Јапонија живеел најстариот човек на светот кој имал 127 години.
Научен тим оди таму, го наоѓа човекот и му вели:
-Дали си ти најстариот човек на светот?
-Имам 127 години, а да ли сум најстар на светот не знам, почекајте да го прашам татко ми, рекол човекот.

Научна експедиција во шумите на Амазон наидува на
до тогаш непознато племе.
-Дали кај вас има човекојадци, го прашуваат научниците племето
-Мислиме дека нема оти последниот го изедовме вчера, рекле од племето.

Време на Тодор Живков во Бугарија.
Граѓаните купуваат телевизори со бришачи на екраните.
Секоја вечер на екранот се појавува Живков, народот плука по телевизорот, а бришачите работат со најголема брзина.

Време на Енвер Хоџа во Албанија.
Водителот ги започнува вестите со најава: „Добровечер мил наш претседателе“.
Зашто само претседателот Енвер Хоџа имал телевизор.

Оди Тито во посета на арапска земја, а домакинот му вели:
„Тито, вечерва те водам во јавна куќа со најубавите жени во нашата држава“.
Заминале вечерта во јавната куќа, Тито влегува во неа
се задржува половина час, излегува и на домаќинот му вели:
„Убави ви се жените, ама ништо без Јованка“.
По Тито во јавната куќа влегува Едвард Кардељ, по некое време излегува и вели:
„Тито е во право, ништо без Јованка“!



# ТР-МР




Размислува: Iv. BOJ

Нашите политичари милуваат да говорат за животни прашања на граѓанитево време и услови кога кај нас живот се помалку има.

.................................................................

Ако некој ти рече - „Леле, брат ама си остарел и ако ти го сакаш братот најдобрата желба која можеш да му ја посакаш е таа тој да остарее повеќе од тебе.
Староста е најдобар знак дека си живеел добар живот.

.................................................................

Жената е готвачка, мајка, домакинка, работничка, баба а живее шест години повеќе од мажот.
Мажот кај нас е во кафеаните, кладилниците, на спортските терени како гледач.
Не живеат подолго оние кои „се снашле“ во животот туку оние кои ја нашле смислата на животот.

.................................................................

Богатиот на сопругата редовно и купувал скап накит, најубава гардероба, нова серија убави автомобили...
Сиромавот на својата сопруга редовно и ја подарувал само својата љубов.
Бракот на првите траел кратко, зашто побарувачката на сопругата немала крај.
За разлика од бракот на сиромашните на кои љубовта им било единственото нешто кое можеле да си го даруваат цел живот.
Ако дарувате, дарувајте љубов зашто подрагоцен подарок во бракот од љубовта не постои.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1 | 2 | 5 | 9 | |
| 9 | 6 | | | 7 | 8 | 4 | 3 | |
| 7 | 2 | | | | | | | |
| 6 | 8 | | | | | | | |
| 5 | 3 | | | | | | 7 | 4 |
| | | | | | | | 8 | 9 |
| | | | | | | | 4 | 3 |
| | 9 | 2 | 7 | 6 | | | 5 | 8 |
| | 7 | 8 | 4 | 5 | | | | |




## ИМПРЕСУМ

Издавач: Медиум Боја 43 – Штип
Седиште на фирмата и адреса на редакцијата:
Ул. „Тошо Арсов“ бр. 23 – 2000 Штип

Одговорно лице: Иван Бојаџиски

Излегува еднаш месечно
Првиот број излезе во месец април, 2009 година
Главен и одговорен уредник:
Иван Бојаџиски 078/375582

Графички уредник:
Јорданчо Бојаџиски, 078/473094

Овој број е отпечатен на 27.12.2024 година
Тираж: 1.000 примероци

Ж-ка: 290000002136767
Едб:4029019522191
Т.Т.К. банка А.Д. Скопје
Годишна претплата: 180 денари.

Печати: Европа 92-Кочани,
ул. „Крижевска“ бр. 52

За Штипски глас
се плаќа повластена даночна стапка од 5%

ISSN 2545-4498
Непотпишаните текстови се на Иван Бојаџиски

совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите .



| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Ш.Г. | **Ам. артистка (фотос)** | Прове-трувачи | Потврда, потврду-вање (лат.) | Холан. ФК клуб | Турција | Итал. израб. на виолини Николо | Ракоме-тарка Кисељева |
| | | | | | | Период од три месеци | | | | | | | |
| | | | | | | Промена, преобра-зба | | | | | | | |
| | | | | | | Езеро во САД | | | | | Аргон / Вештачка кожа | | |
| | | | | | | Пасија (мн.) | | | | | | | |
| | | | | | | Екипа | | | | Екс. фуд. Кис / Пејачка Тарнер | | | |
| | | | | | | Мираз приќе (лат.) | | | | | | Ампер / Град во Турција | |
| Ш.Г. | Луѓе кои прекоп. нешто | Приврз. на римо-католи-чката црква | Дел од автомобил (мн.) | Диме Илиев | Кислород | Народ | | | | | | | Јапон. полити-чарка Какуеи |
| Музеј во Мадрид | | | | | | Кибилен свештеник / Свештен-ство | | | | | Нада Топчагич / Словене-чки комп-озитор | | |
| Пејач Мартин | | | | | Шивачка / Папски годишен приход | | | | | | | | |
| Австр. птица тркач | | | | Траги од дивеч / Ламја | | | | | | Предвре-мен / Вечерна седенка | | | |
| Романс. гимнастич Надја | | | | | | | | | Град во Италија / Сателит придру-жник | | | | |
| Дел од оптичка направа (мн.) | | | | | | | | Брит. фуд. тренер Џон / Мерлин Монро | | | | | |
| Дворец (мн.) | | | | | | | Темнина / Житно растение | | | | | АНгстрем / Вид птица (мн.) | |
| Вид јапонска песна | | | | Ш.Г. | Руски космо. Владимир / Гитар. Де Лусија | | | | | | | | Мелодии напеви |
| Руска показна заменка | | | | Чифт / Сообра-ќајница | | | | Дел од телото (мн.) / Лична заменка | | | | | |
| Метод на лечење | | | | | | | | | | Старо-римски куќун бог / Една нота | | | |
| Ученик на занает | | | | | | Затвори ќелии / Сулфур | | | | | | | |
| Приста. во Перу | | | | | | | Филмски прикази | | | | | | |

GREEN GARDEN
RESIDENTIAL COMPLEX

СОВРЕМЕН И КВАЛИТЕТЕН НАЧИН НА ДОМУВАЊЕ

*по најповолни цени...*



НОВ СТАНБЕН КОМПЛЕКС ВО ШТИП

070 22 22 07
070 24 24 22
www.aktivagreengarden.mk
info@aktivagreengarden.mk

- ВИСОКО КВАЛИТЕТНА ГРАДБА
- ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ А КЛАСА
- СОПСТВЕНО ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ
- ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА СЕКОЈ СТАН
- ОБЕЗБЕДЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР
- ЦЕНТРАЛЕН ПАРК СО ВОДЕНИ ПОВРШИНИ

AKTIVA